Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 116/0306
18.03.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 март 2020 година, врз основа на примена жалба од Лазар Бошњаковски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „ДоказМ.мк“, со текстот насловен „Како Лазе адвокатот и неговата сопруга Кристина решаваат криминално предмети во Катастар на заинтересирани странки кои добро плаќаат, најава“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 19 февруари 2020 година, адвокат Лазар Бошњаковски, поднесе жалба за текстот со наслов „Како Лазе адвокатот и неговата сопруга Кристина решаваат криминално предмети во Катастар на заинтересирани странки кои добро плаќаат, најава“, објавен на 29 јануари 2020 година на интернет – порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmakedonija.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување. Подносителот на жалбата, меѓу другото, посочува дека како адвокат немал никакви криминални предмети во Катастарот, а уште помалку била инволвирана неговата сопруга Христина. Бошњаковски во претставката додава дека е затечен, од како што потенцира, таквата лажна информација.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори дека Бошњаковски и неговата сопруга многу добро биле запознати со случајот, за што имале добиено и кривична пријава од фирма, како и одлука од правобранител.

*„Немам намера вам да ви објаснувам што и како. Контактирајте си го ОЈО, ако нешто не им е јасно нека тужат“,* велат од „ДоказМ.мк“ во одговорот на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 март 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст кој произлегува од јавниот интерес и пренесува информација за наводна злоупотреба на службена должност од страна на вработена во Агенцијата за катастар и недвижнини.

Работата на државните службеници и јавните институции подлежи на силен јавен надзор и поширок обем на критика, но не и на начин на кој е обработена информацијата во оспорениот текст. Веста, која се заснова само на наслов и една реченица, како најава за текст кој треба да открие наводен криминал во Катастарот е целосно еднострана и необјективна. Ова од причина, што медиумот не го испочитувал основното новинарско правило да побара став од сите засегнати страни, во случајов, од лицата кои се споменати со име и презиме и посочени за инволвираност во незаконски дејствија.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка, особено е нагласена во следната реченица од текстот:

***„Најава: Како адвокатот Лазе Бошњаковски решава проблеми и предмети на клиенти на КРИМИНАЛЕН начин во Катастарот преку неговата сопруга Кристина Бошњаковска, шефица на оддел во скопскиот Катастар... Следува цела сторија за ден два“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Новинарот може да објави нешто за коешто нема баш докази, ама за кое има доволно индикатори дека вистина, односно нешто за што постои основано сомнение. Основано сомнение подразбира презентирање аргументи кои се разумни и кои се индикатор дека нешто е вистина, без да имаме конкретен доказ за вистинитоста.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmakedonija.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595